Уп. бр. 08-90

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕННА Гео друштво со ограничена одговорност за услуги, со седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска преку Ана Колевска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 30.06.2026 година, го донесе следното

**Р Е Ш Е Н И Е**

Се утврдува дека концентрацијата со која ЕННА Гео друштво со ограничена одговорност за услуги, со седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска, ќе стекне контрола над ИГеоПен д.о.о. за трговија и услуги, со регистрирано седиште на адреса улица Дреновачка 3, Загреб, Хрватска, по пат на купопродажба на удели, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 20.05.2026 година, а дополнето на 22.05.2026 година и на 09.06.2026 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација од ЕННА Гео друштво со ограничена одговорност за услуги, со седиште на адреса Господарска зона Вуковар 13, Вуковар, Хрватска, со која ЕННА Гео друштво со ограничена одговорност за услуги ќе стекне контрола над ИГеоПен д.о.о. за трговија и услуги, со регистрирано седиште на адреса улица Дреновачка 3, Загреб, Хрватска, по пат на купопродажба на удели

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истите и го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЕННА Гео друштво со ограничена одговорност за услуги** се занимава со развој и инвестирање во постројки за производство на електрична енергија од обновливи извори, како што е геотермална енергија и е дел од ЕННА групата. ЕННА е водечки инвеститор и еден од најбрзо растечките инвестициски групи во Хрватска, која е посветена на пружање на иновативни решенија кои поттикнуваат зелена трансформација и создаваат трајна вредност за партнерите и заедницата, како во енергетскиот сектор, така и во секторот на транспорт, односно логистика.

ЕННА Гео друштво со ограничена одговорност за услуги е во 100% сопственост на ЕНЕРГИЈА НАТУРАЛИС д.о.о. за вложување и управување, кое е во сопственост на друштвото СУСТЕЈНАБЛ СОЛУШНС ХОЛДИНГ АГ, чијшто сопственик пак е физичкото лице Павао Вујновац.

Павао Вујновац е краен сопственик и на ФОРТЕНОВА групата, која е присутна на пазарот во Република Северна Македонија преку Друштвото за производство, трговија и услуги МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје - во ликвидација, со ЕМБС 5938848 и седиште на ул. Огњан Прица бр. 1/3-28 мезанин, Скопје – Кисела Вода, со регистрирана приоритетна дејност: Трговија на мало во неспецијализирани продавници претежно со храна пијалаци и тутун. МЕРЦАТОР МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ не е комерцијално активно и е во постапка за ликвидација.

ЕННА групата и ФОРТЕНОВА групата заедно - "ПВ група". ПВ групата има приходи во Република Северна Македонија преку продажба на прехранбени производи како што се масла за јадење, маргарини, мајонези, минерални води и сокови, преливи и сирупи, и сувомесни производи.

**ИГеоПен д.о.о. за трговија и услуги** е основано со исклучива цел на развој, изградба и управување со геотермални постројки и во таа насока развива три геотермални проекти во Ернестиново, Сјечу и Пчелиќ.

ИГеоПен д.о.о. за трговија и услуги нема присуство во Република Северна Македонија и не остварува приходи на територијата на Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или

на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**По овластување бр.01-99/1 од 02.03.2026**
**М-р. Борче Размоски**